ПЕРМАКУЛТУРА

Водич за почетници



Греем Барнет

Греем Барнет

ПЕРМАКУЛТУРА

Водич за почетници

earthcare-peoplecare-fairshares

SPIRALSEED

Скопје, 2011.

Z.M.A.G.
ZELENA MREŽA AKTIVISTIČKIH GRUPA
www.zmag.hr

FRONT 21|62
www.front.org.mk

Nacionalna zaklada za razvoj civilnoga društva
zaklada.civilnodrustvo.hr

Автор: Греем Барнет
Издавач: ЗМАГ
Превод и лектура: Елизабета Јовановска
Обработка на илустрациите: Бруно Мотик
Графичка обработка: ЗМАГ

Содржина

Предговор (Бруно Мотик) 4
Состојба на земјата 6
Што е пермакултура? 8
Етика и принципи 10
Работење со природата, а не против неа 12
Минимален труд за максимален ефект 14
Претворете ги проблемите во решенија 16
Секоја функција треба да ја потпираат повеќе елементи 18
Секој елемент треба да извршува повеќе функции 20
Добивката е органичена само со недостиг на фантазија 22
Сé кружи; приносот станува влог 24
Релативно сместување; зони, сектори и косини 26
САДАМ; процес на дизајнирање 28
Ширење на пермакултурата; на земјата и во вашиот живот! 30
Дома 32
Во градината 34
Повеќе од градина; разни стратегии за одржлива иднина 36
Нашата заедница 38
Постои само еден начин на практикување на пермакултура 40
Адреси 42

Предговор

Како учител на пермакултура, често знам да се најдам во ситуација да се обидувам да им објаснам на познаниците и пријателите со што јас всушност се бавам. Одговорот на прашањето „што е пермакултура?“ е скоро невозможно да се даде во само неколку реченици бидејќи опфаќа многу различни подрачја, па и цела филозофија и начин на размислување кој ја следи. Иако принципите на пермакултурата се многу едноставни и лесно разбирливи, забележувам еден отпор кон целовитоста која ја носи пермакултурата кога се обидувам да ја претставам на лаици. Навистина, сржта на пермакултурата е целовитост и поврзување на елементите, а на таков начин на размислување не сме навикнале заради образовниот систем. Науката функционира на тој начин што често ги фрагментира и одвојува подрачјата кои всушност се испреплатени и многу поврзани. Така, искусен енергетичар не знае ништо за земјоделството, а агрономите малку знаат за начините на производство и потрошувачка на енергија во составот. Пермакултурата делува токму на поврзувањето на различните подрачја, а крајната цел е одржливост. За да стекнеме претстава што е пермакултура, не е доволно да се прочита само некоја од дефинициите за неа, бидејќи тие дефиниции се премногу општи и на некој начин апстрактни.

Токму оваа книга ни нуди помош во врска со тој проблем. Оваа книшка е доволно детална за да може секој кој нема претходни знаења да разбере што се опфаќа пермакултурата. Од друга страна, не е оптоварена со преголема количина на информации која ќе им треба на оние кои сакаат подлабоко да влезат во светот на пермакултурата и да ги совладаат нејзините вештини.

Иако пермакултурата во некои делови на светот се применува и развива уште од 70тите години, таа дури сега добива вистински замав. Соочени со глобалната еколошка и економска криза, се повеќе луѓе

посегнуваат токму по пермакултурата бидејќи таа ни овозможува подобро разбирање на еко-системот па и на целата планета од која сме дел. Пермакултурата е пат кон повторно соединување со природата.

Но иако човекот некогаш бил многу повеќе поврзан со остатокот од биосферата, пермакултурата ни нуди еден сосема нов начин да се биде дел од таа совршена сложувалка на животот. Тоа се согледува во еден од најосновните темелни принципи на пермакултурата: „ работи со природата, а не против неа.“ Малку по малку, пермакултурата си го нашла патот и во регионот на Балканот. Има се повеќе пермакултурни проекти, дизајнери и учители и на ова подрачје. Се надеваме дека оваа книшка, која патем е првата книга за пермакултура преведена на македонски јазик, ќе ја одигра својата улога во пробивот на пермакултурата на подрачјето на Македонија.

Бруно Мотик

СОСТОЈБА НА ЗЕМЈАТА...

Да се каже дека живееме на работ на еколошка катастрофа стана клише. Но тоа не е претеран опис на стварноста. Екологијата на Гаја е соработката на земјата (Геосфера), воздухот (Атмосфера), водата (Хиросфера) и животот (Биосфера), суптилна мрежа на меѓуодноси создавана со милиони еони која сега е на граница на колабирање. Кога

историјата на Земјата, долга 4.5 милијарди години, би траела 30 дена, животот во облик на едноставна бактерија би се појавил десетиот ден, додека првите водоземци би исползиле на тлото околу дваесет и петиот ден. Хомо сапиенс (човекот) би се појавил околу минута до полноќ на триесетиот ден. Индустриската револуција би се случила во последниот дел од секундата на таа минута, а сепак за време на тој момент лицето на

планетата се променило скоро исто толку колку и за време на траењето на сите претходни еони.

Сепак, намерата на оваа книшка не е да биде уште една литанија за стравичното уништување на околината, туку пронаоѓање на решенија и патишта кои водат кон еколошки врамнотежен и одржлив нов век...

Еколошката криза во голем дел е и последица на начинот на кој ние на запад конзумираме. Пермакултурата се темели на увидување на тие факти и превземање одговорност за она што го правиме за нашата планета, како и на промена на нашиот конзумерски и потрошувачки начин на однесување, за да би можеле да створиме свет кој повторно би станал место без уништување и загадување...

ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВЕДЕН ФИЛЏАН ЧАЈ



... каде сите би уживале во чистиот воздух, свежата вода, квалитетната храна, осмислената работа и слободното време. Место во кое би можеле да ја оздравиме земјата и да го поттикнеме општеството на изградба на подобри односи со светот од кој сите ние сме дел.

ПЕРМАКУЛТУРНО ПРОИЗВЕДЕН ФИЛЏАН ЧАЈ



ШТО Е ПЕРМАКУЛТУРА?

„Пермакултура“ е кованица која во средината на седумдесетите првпат ја употребиле двајца австралијанци, Дејвид Холмгрен и Бил Молисон, за да опишат систем на дизајнирање иницира̀н како реакција на она што тие, како и многу други низ светот, го виделе како сериозна закана за опстанокот на сите нас.

Првобитно изведена од терминот ПЕРМАнентна агриКУЛТУРА, пермакултурата ги надминала сопствените корени во пронаоѓањето стратегии на создавање одржливи методи на одгледување храна, со тоа што прераснала во светско движење кое ги поврзува сите аспекти на оној начин на живот со кој ние како човечки битија би биле во склад со Земјата и нејзините ограничени ресурси - ПЕРМАнентна КУЛТУРА.

Денес пермакултурата веројатно има исто онолку дефиниции колку што има и луѓе кои ги применуваат нејзините методи, но особено корисна би можела да биде следнава дефиниција:

„СОЗДАВАЊЕ ОДРЖЛИВ ЧОВЕЧКИ ХАБИТАТ ПРИМЕНУВАЈЌИ ГИ ШАБЛОНИТЕ НА ПРИРОДАТА.“

Наиме, често се чини нејасно што всушност е пермакултурата. Пред сé, таа НЕ Е „градинарски метод“ (иако од таму ги влече корените, а градинарскиот пристап е важно начело на пермакултурата). Таа исто така не е некаква псевдо-мистична „њу-ејџ“ филозофија. Исто така сум слушнал дека морало да се „купи земја“ за да „се практикува пермакултура“. Тоа е исто така мит. Пермакултурата се темели на здрав разум и логика, и е достапна до сите, без обзир на ситуацијата или состојбата на банковната сметка.

П.С. Уште една дефиниција која ни се допаѓа е: „Револуција под закрила на органското градинарство...“

Еден од начините на гледање на пермакултурата е оној кој ја интерпретира како СОСТАВ на дизајнирање, набљудување на кој начин елементите се поставени во меѓусебен однос за да се постигне максимален резултат во креирањето на само-одржлива, не-потрошувачка целина во која не се вложува многу, но многу се добива.



ПРИКАЗНА ЗА ДВАТА ГРАДА..



На прагот на новиот век, многу урбани краеви станаа прилично жални места за живеење. Лошото планирање и земјоделската криза причинија невработеност, сиромаштија, бездомништво, загаденост, досада, пораст на криминалот и злоупотреба на дроги и алкохол. Во градовите тешко се наоѓаат квалитетна храна, соодветна здравствена услуга и зелени отворени простори. Проблемите само се продлабочуваат со недостиг на пари на заедниците, измолзени од мултинационалните корпорации и ланците на супермаркети кои предизвикуваат банкрот на локалните продавници.

Но, многумина кои сакаат подобар живот наоѓаат решенија; стварајќи (или спроведувајќи кампањи за) позитивни иницијативи кои ја зголемуваат самостојноста, економската независност и квалитетот на околината.

КАКО ШТО СЕ:

ГРАДИНИ НА ЗАЕДНИЦАТА

Наместо да се продаваат однапред-запуштените имоти, локалните групи ги присвојуваат празните или запуштени подрачја и ги претвараат во ресурси на заедницата, стварајќи паркови и јавни зелени површини каде луѓето можат да се среќаваат и да се опуштат.

LETS СОСТАВИ (Local Exchange Trading System)

Им овозможуваат на оние кои располагаат со ресурси како што се вештини, енергија, време, но не нужно и пари, да го разменуваат и делат она со што располагаат и да ги одржуваат трансакциите во рамки на локалната заедница.

(прим. прев. LETS - Состав на локална трговска размена кој се темели на размена на знаења, вештини и други добра без употреба на пари).

ОРГАНСКО ОДГЛЕДУВАЊЕ НА ЗАКУПЕНИ ПОДРАЧЈА

Овозможуваа прилика за одгледување храна која е здрава, чиста и сигурно не содржи пестициди или вештачки ѓубрива.



ЗАЕДНИЧКО КОМПОСТИРАЊЕ

Со рециклирање на органскиот отпад како што е искосена трева, остатоци од храна, „градинарски плевел“, исечени гранки, паднати лисја, итн, се смалува притисокот на отпадите и тресетите.

КАМПАЊИ ЗА ВЕЛОСИПЕДСКИ ПАТЕКИ

Велосипедските патеки им овозможуваат на велосипедистите движење по градот, промовирајќи посигурни улици и почист воздух.





Сите позитивни иницијативи се насочени кон животни стилови кои се помалку подложни на стрес, отуѓеност и долгување; помалку зависни од еколошки штетното земјоделство или со автомобили опседнатата индустрија на пари. Сепак, ниту една од овие иницијативи сама по себе не е ПЕРМАКУЛТУРА.

Но, ако ги набљудуваме овие иницијативи како ЕЛЕМЕНТИ и почнеме да ги поврзуваме, ќе увидиме како може да се зголеми нивната ефикасност.

ДА ГИ ПОВРЗЕМЕ ЕЛЕМЕНТИТЕ



Со користење на локално произведен компост се зголемува плодноста, се закупуваат земјишта во рамки на градините на заедницата. Овде исто така се поставени и кутии за продажба на органски производи со помош на LETS на локалните домови. Бидејќи сите потрошувачи се во непосредна близина, за дистрибуција можат да се користат велосипедски приколки. Тие можат да се користат и за собирање на кујнскиот и градинарскиот отпад кој може да се употреби за компостирање, кој е повторно сместен во централниот дел на заедничката градина.

Пет многу добри идеи кои се целосно поврзани и поставени во таков меѓусебен однос кој го чини зачетокот на самоодржливиот состав во кој енергијата кружи, целина бесконечно поголема од збирот на нејзините делови.

Со мал напор, малку промислено планирање и нешто здрав разум, вообичаената безнадежност на урбаната „деструктокултура“ е заменета со само-одржлива, еколошки врамнотежена заедница по мерка на човекот, во која не е многу вложено а многу произведува. Тоа е суштината на „пермакултура“ - дословно; „ПЕРМАнентна КУЛТУРА“. Тоа не е статична култура; со време може да се додаваат сé повеќе елементи и концепти; места за дружење во заедницата, колективизирани дворови, рециклажни системи на сиви води, компостни тоалети, центри за холистичка здравствена нега, езерца, шумски градини и овоштарници, еко-училишта, соларни стаклености, еколошки дизајнирани објекти, воспоставување на корисни здружувања на билките и луѓето..



Додека со грижливо садење се враќаме на нашиот свет на здравје и живот, позитивната енергија ствара одржлив раст.



ЕТИКА И ПРИНЦИПИ

По многу нешта пермакултурата е втемелен холистички пристап со многу можности на примена на сите аспекти на животот. Во суштината на секој одржлив дизајн се наоѓа основен збир на вредности и етички принципи, константни без обзир за ситуацијата, без обзир дали создаваме системи за примена на град или продавница, без обзир на тоа дали земјата за која се грижиме ја собира во тегла или пак е тоа 2000 хектари шума. Оваа темелна етика може да се опфати како:

ГРИЖА ЗА ЗЕМЈАТА

Потребно е да се препознае Земјата, Гаја, како основа на целиот живот и во склад со тоа да се почитува. Моментно доминантните земјоделски и индустриски дејности тоа го имаат заборавено, што резултира со загадена околина, неквалитетна храна, контаминирана и еродирана почва, страшна експлоатација на народот и ресурсите на „третиот свет“, уништување на еко-структурата и губење на биолошката разноликост. Нашата примарна цел мора да биде повторно воспоставување на рамнотежа и превземање на одговорност за начинот на кој живееме. Исто така треба да се потсетуваме дека Гаја, освен нас, е настанета и од бројни други видови кои имаат еднакво право да бидат овде.

ГРИЖА ЗА ЛУЃЕТО

Се темели на поддршка; помагање едни на други да се променат начините на живот во такви кои не штетат ни нам ни на планетата. Тоа може да подразбира на пример развивање комуникација и уметност на слушањето, создавање на заедници кои се соочуваат со вистински човечки потреби, обезбедување пристап кон осмислен труд и одмор за сите. Начелото „грижа за луѓето“ непосредно е изведено од „грижа за земјата“, најпосле, сите ние сме дел од Земјата а не нешто одвоено од неа.

ПРАВЕДНИ ДЕЛОВИ

Се темели на увидот дека Земјата нема непотрошливи ресурси. Исто така се темели на отфрлање на навиката на алчност, толку одговорна за глобалното опустушување и експлоатација. Потребно е да се увиди дека нашите конзумерски животни стилови (ова се однесува на и „зелениот“ конзумеризам) зависат од парите и фосилната енергија, дека се неодржливи, а времето брзо го снемува. Како што некој еднаш рекол: „има доволно за сите наши потреби, но не и за сета наша алчност“.

Во пермакултурата не се работи за тоа дека морате да се мачите со неизречени факти, бројки, латински називи и комплицирани методи, туку за тоа да се препознаат универзалните структури и принципи и тие „еколошки вистини“ да почнеме да ги применуваме на сопствените градини и животни ситуации.

ДА СЕ РАБОТИ СО ПРИРОДАТА, А НЕ ПРОТИВ НЕА

Можеме да ги препознаеме внатрешните форми кои се појавуваат во светот на природата и да научиме да ги разбираме и користиме во создадените еко-структури.



ВЛОЖУВАЊЕ МИНИМАЛЕН НАПОР ЗА МАКСИМАЛЕН ЕФЕКТ

Вложувањето на огромен напор во обидите да се „скроти природата“, како што се долините оградени со насипи и поплавени низини, или создавањето и одржувањето на оголена земја со плуг, не само што црпи многу енергија и е неодржливо и деструктивно, туку е и непотребно, со обзир на тоа дека можеме да ги задоволиме потребите на луѓето и околината работејќи во склад со составите на природата, или дури и непосредно користејќи ги.

ситре елементи ја менуваат својата околина...



Наместо користење на големи количини на хемикалии за да ги контролираме штеточините, зошто не би ги поттикнале нивните природни непријатели како што се бубамарите и птиците да ја завршат работата место нас?

Или зошто не би граделе домови кои користат пасивна соларна енергија и снага на ветрот наместо да градиме нуклеарни електрани?

Вклучувањето во еко-структурите често предизвикува стрес и дисхармонија. Иако навистина може да постои потреба за промени, секогаш е подобро да се помине некое време размислувајќи зошто тие се потребни, отколку да се впуштиме во „промена заради самата промена“.

ХИЕРАРХИЈА НА ВМРЕЖУВАЊЕ ВО СОСТАВ

СТЕПЕН НА ПРЕДНОСТ (ОД НАЈНИЗОК КОН НАЈВИСОК)	ИНТЕРВЕНЦИЈА	ПРИМЕРИ	КОМЕНТАРИ
1.	ДА НЕ СЕ ДЕЛУВА СО НИШТО	Инсектите на грав - едноставно набљудувајте - можеби нема да направат премногу штета.	Природата има свои начини на спроведување на сопствената рамнотежа и проверка - чекајте и набљудувајте што ќе се случи. Често ситуациите се решаваат сами од себе или пак други корисни односи за кои порано не сте биле свесни стануваат видливи.
2.	БИОЛОШКА	Поттикнете или намерно воведете животни кои се хранат со инсекти, на пример бубамари, птици, со сместување на примамлви билки или гнезда со ларви во близина.	Спроведувањето на индиректните промени во околината, таму каде што тие се потребни, може да го врати составот во рамнотежа, или да ги промени мерките во ваша корист.
3.	ФИЗИЧКА	Одстранете ги инсектите со прсти, или попрскајте со сапуница.	Понекогаш се нужни директни интервенции, особено кога ситуацијата станува вистински штетна за задоволување на вашите потреби. Меѓутоа, кога ќе почнеме редовно да вршиме такви физички регулации, значи дека сме тргнале по патот на одржување одредена состојба и вложување многу енергија, кој често мора да се следи откако е еднаш воведен.
4.	УПОТРЕБА НА ХЕМИКАЛИИ	Употребете хемиски пестициди за да ги контролирате инсектите.	Ако е нужна ваква драстична мерка, нешто е надвор од рамнотежа. Можеби би било попаметно да се размислува за реконструкција на составот.

Размислете за останати животни ситуации на кои може да се примени оваа табела, на пример обликување на земјата, работа, меѓучовечки односи, вашето здравје, прашања од важност за заедницата...

ПРЕТВОРЕТЕ ГИ ПРОБЛЕМИТЕ ВО РЕШЕНИЈА

Начинот на кои ги гледаме работите ги прави погодни и непогодни, или како што Бил Молисон еднаш рекол, „немате премногу полжави, туку премалку патки“.



ПЛЕВЕЛ ИЛИ ВОЛОНТЕР? [лута коприва]

Плевелот често се опишува како било која билка која расте на погрешно место. Но, со мало поместување на перспективата можеме да ја промениме својата дефиниција во: „билка чие делување сеуште не е откриено“. Природата не сака вакуум, и секое парче земја кое е оставено празно наскоро ќе биде населено од диви билки карактеристично за тоа подрачје, т.н. „волонтери“. Наместо постојано да се бориме обидувајќи се да ги истребиме, зошто не би избрале потолерантен пристап?

Иако „плевелот“ може да му конкурира на насадот на храна, а ако се пружи и најмала прилика ја претвара култивираната земја во дивина, сепак допуштете му да расте меѓу насадите. Плевелот ја зголемува биолошката разноликост, делува како „динамички акумулатор“ (со корените ги рие поните слоеви на земјата за да го збогати површинскиот слој со оние минерали кои му недостигаат), привлекува диви животни, а може да се употреби и за компостирање или малчирање (ПРЕД да процвета и да се размножи), или во некои други од своите бројни примени кои нашата пост-Викторијанска култура ги заборавила.

НЕКОИ КОРИСНИ ПЛЕВЕЛИ

ВИД	ЛАТИНСКИ НАЗИВ	УПОТРЕБА	ИНДИКАТОР	МИНЕРАЛИ
Мишјакиња	Stellaria media	Јадење (се користи за зимски салати или лесно обарена), зимски покривач на почвата, гноиво, лековита (средство за стегање, антиревматик, лечи рани, смирува).	Плодна земја	K, P, Mn
Броцика	Galium Aparine	Лековита (диуретик, чисти лимфни жлезди, благо средство за стегање), за јадење (малку проварен го заменува спанаќот, за супи, пудинзи), се користи како „пролетен тоник“ за чистење од зимските токсини.	плодна земја	Na, Ca
Пиреј	Agropyrons repens	Може да ги поврзува нестабилните типови на почва (на пр. песочни дини), обилен компостен материјал за малчирање (НЕ и корените!), лековит (се верува дека е антиревматик, се користи за лекување на гихт, бубрежен камен, потешкотии со бубрезите, катарни болести и болести на мокрениот меур.) Во Европа се користи како сточна и храна за коњи.	присутен на сите видови земја	K, Cl, Si
Глуварче	Taraxacum officinale	Сите делови се јадат (листовите за салата, прженият корен како „кафе“, цветовите за вино). Лековит е (листовите, диуретик, тоник за црниот дроб и варењето, го поттикнува протокот на жолчка, диуретик, благ лаксатив, антиревматик.) Се користи како течно гноиво.	присутно на повеќето видови земја	Na, Si, Mn, Ca, K, P, Fe, Cu
Киселец	Rumex spp	Некои велат дека се јаде! Корисен како компостна состојка, но не му дозволувајте да се размножи.	присутен на повеќето видови земја	Ca, K, P, Fe
Бијела Лобода	Chenopodium album	Се јадат листовите и семките, богата е со витамин Б1 и Б2. „Листот и се протега и фаќа многу вода која ја пренесува на пониските соседи“. (А.В. Хатфилд)	плодна земја	Fe, K, N
Оштриш	Senecio vulgaris	Се верува дека е благ пургатив, олеснување при заболувања на жолчката, се користи за чистење од глисти, смирувачки лосион за кожа, превенција од скорбут. Се користи и како крма за свињи, зајаци, кози и живина.	плодна, култивирана земја	Fe
Преслица	Equisetum arvense	Лековита е (средство за стегање, запира крварење, диуретик, анти-инфективни својства, го лечи ткивото). Се користи како течно гноиво и како состојка на биодинамични препарати.	неплодна/сиромашна земја	Si, Ca, Co, Au
Коприва	Urtica diosia	Се јаде (замена за спанаќ, пиво), лековита (средство за стегнување, диуретик, хранлива, го запира крварењето, поттикнува циркулација и лактација, го снижува шеќерот во крвта, штити од скорбут), дива билка, богата со влакна, средство за боење, течно гориво.	плодна земја, богата со кислород	N, Si, Fe

Внимание: ниеден медицински третман кој вклучува препарати од лековити билки не би требало да се спроведува без надзор на квалификувано лице.

СЕКОЈА ФУНКЦИЈА ТРЕБА ДА ЈА ПОДДРЖУВААТ МНОГУ ЕЛЕМЕНТИ

Ниеден елемент не би требало да биде неопходен бидејќи губитокот на тој елемент или неговото откажување би можело да биде погубно. Од друга страна, ако секој состав има осигурана поддршка може да продолжи да функционира.



Слично на тоа, и во секојдневниот живот корисно е да се стекнат што е можно повеќе разни вештини - лицето кое во текот на својот работен век имало само една добро платена но специјализирана работа, ќе има повеќе потешкотии да се снајде во случај да остане без работа отколку лицето кое има неколку помали, но разновидни извори на приход.

СЕКОЈ ЕЛЕМЕНТ БИ ТРЕБАЛО ДА ИЗВРШУВА МНОГУ ФУНКЦИИ

Ако сте стекнале вештини на поткастрување на јаболкови дрвца, поправање компјутери, свирење гитара, готвење за мноштво луѓе, забавување на деца, ракување со печатарска машина, цртање и сликање, возење трактор, користење компјутерски програм, вградување генератор за ветерница, масирање, жонглирање, водење фотографска работилница и изградба на компост - не само што сте способни да заработувате за живот во различни околности, туку ВИЕ станувате и подрагоцени во смисла на она што можете да им го ПОНУДИТЕ на другите.

НЕКОИ ПРОИЗВОДИ И ФУНКЦИИ НА СТЕБЛАТА



Стеблата се скоро неизбежни во пермакултурниот дизајн заради мноштвото функции кои ги обавуваат; не само затоа што го снабдуваат човекот со храна, гориво и дрвена граѓа, туку и заради тоа што менувањето на енергијата кое го вршат има безброј корисни ефекти за Земјините состави.

ДОБИВКАТА Е ОГРАНИЧЕНА САМО ОД НЕДОСТИГ НА ФАНТАЗИЈА

Под „добивка“ традиционално се подразбира количина на материјална добивка (на пр. количина на компир, житарици и сл.) во однос на вложени ресурси или труд, но нема причина да не ја прошириме таа дефиниција и на информации, поуки, искуство, корист за здравјето заради телесна активност и престојување на воздух, или едноставно, забава...



Дали опуштањето со пријателот/ката и уживањето во шише вино при залез на сонце е помала „добивка“ од 50кг морков или компир?

Во рамки на пермакултурниот дизајн, непрестајно ќе пронаоѓаме работи кои можеме корисно да ги употребиме, нови корисни односи, учење нови техники, испробување свежи идеи, присобирање знаења. Со разбирање и пресликување на составот на природата можеме да развиеме техники кои би ни овозможиле зголемување на таквите прилики..

ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА РАБНИТЕ ПОДРАЧЈА

„Раб“ или екотон е место каде се сретнуваат две различни околини; како што е работ на шумата или морското крајбрежје. Таквите предели се поинтерактивни, поддржуваат биолошка активност на двете страни од „граничната“ зона, како и видови карактеристични за условите на пределот, создавајќи така високо продуктивен регион.



Пермакултурниот дизајн тежнее да ги зголеми бројот на екотоните и нивниот корисен ефект секаде каде е возможно, вклучувајќи ги и оние меѓу луѓето и идеите...

СМЕСТУВАЊЕ НА БИЛКИТЕ ВО СЛОЕВИ

За разлика од многу денешни култивирани градини, природата своите крајолици не ги дели уредно по категории; така што украсните билки ќе растат на едно место, зеленчукот на друго, а овошјето на трето место. Во шума, неколку билки како што се исправените и полу-исправените дрвја, грмушките, ползавецот и земјената покривка завземаат исто место. Секоја од нив е сместена на начин што ги задоволува своите потреби во рамки на внатрешните „нивоа“ на составот. Шумската градина е обид да се имитираат таквите „слоевитости“, со тоа што дивите шумски билки се заменети со овошки, лековити и зачински билја, зеленчук и други билки корисни за луѓето.

Шумска градина: корисно седмослојно здружување на билките

СУКЦЕСИЈА

Сукцесија е следењето на промените кои се одвиваат во структурата и начинот на функционирање на еко-составот во текот на некој временски период.



Кога парче од земјата, на пр. поле или дел од обработлива почва не се обработува, набрзо на неа се населува „земјена покривка“ како што е мишјакиња или граор, чие семе е можеби веќе во земјата. Нив наскоро ги следат и билки со длабоки корења: „копачи за хранливи материи“, како што се киселец, глуварче и трње.



Тие билки ја опоравуваат земјата враќајќи ја плодноста и потрошените минерали, овозможувајќи ја следната фаза: појава на грмушки како што се капини и трнов глог.



Садниците на пионерски стебла како базел и бреза можат да се одомаќинат ако се заштитат со трње од билкојадните животни.



Со време, овие стебла со релативно краток животен век ќе ослободат простор за побавно-растечките дрва како што се дабот или костенот. Ако на неа не се влијае, култивираната земја повторно ќе стане шума во рок од само неколку години.

Традиционалните методи како што е одржување на шумата во смисла на садење на грмушки и менување на насадите, се темелат на принципите на разместување на билките во четвртата димензија на времето, односно сукцесија (следење).

СЕ КРУЖИ, ПРИНОСОТ СТАНУВА ВЛОГ

Во светот на природата, не постои „загадување“. Секој „отпад“ во рамки на екосистемот е корисен на некое друго место во тој систем.

КРУЖЕЊЕ НА КИСЛОРОДОТ



ВО ПОЧЕТОКОТ БЕШЕ ГОМНО...

Во светот на природата, не постои „загадување“. Секој „отпад“ во рамки на екосистемот е корисен на некое друго место во тој систем.



Производството на корисно „човечко ѓубриво“ вклучува и долготраен термофилен процес (на пр. година и повеќе) на компостирање со кој темелно се уништуваат патогените и други штетни организми. Така добиениот компост најдобро е да се користи како малч за грмушки на зрнесто овошје и за стебла, отколку за култури кои непосредно се конзумираат како лиснати билки или салата...

РЕЛАТИВНА ЛОКАЦИЈА: ЗОНИ, СЕКТОРИ И КОСИНИ



НУЛТА ЗОНА

Центарот е куќата, односно домот. Овде се применуваат пермакултурните начела кои се однесуваат на смалување на потрошувачката на енергија и вода, и користење на природни ресурси како што е сончевата светлина, и воопшто создавање на хармонична одржлива околина во која се живее, работи и одмара.

ПРВА ЗОНА

Тоа е зоната најблиска до домот, место во кое се сместени оние елементи на составот кои бараат многу внимание, или треба често да се посетуваат, како што се на пр. насадите на салати, лековито и зачинско билје, меко овошје како што се јагодите или капините, стакленик и расадник, компост за домашниот отпад и др.

ВТОРА ЗОНА

Ова подрачје се користи за садници на кои им е потребно помалку одржување, како што е надзирање на плевелот (најдобро преку природни методи како што е малчирањето) или обрежување, а вклучува и грмушки на зрнесто овошје и овоштарници. Ова е исто така и место погодно за кошници, компост со поголеми димензии и др.

ТРЕТА ЗОНА

Тоа е место каде се култивираат главните прехрамбени култури, како за домашна употреба, така и со цел за размена. Откако ќе биде поставена, грижата за оваа зона и нејзиното одржување е минимална ако употребуваме малч, и се однесува на обезбедување вода и контрола на плевелот еднаш неделно.

ЧЕТВРТА ЗОНА

Таа е полудива. Оваа зона воглавно се користи за прехрана на животните и како извор на самоникната храна за луѓето, како и за добивање дрвен материјал. Пример за ваква зона е шумскиот предел на кој се влијае само со поткастрување.

ПЕТТА ЗОНА

Дивина. Во петтата зона нема човечка интервенција освен набљудување на природните еко-состави и кружните текови. Овде ги учиме најважните лекции на пермакултурниот принцип на соработка со природата, наместо да работиме против неа.

Повеќето од нас немаат градини во облик на прстени, така што нашите „зони“ веројатно ќе бидат просторно одвоени, посебно во урбаните опкружувања...



СЕКТОРИ

Тие се однесуваат на начинот на набљудување на надворешните енергии кои се движат низ составот, како што се превладувачкиот правец на ветрот, погледот кој местото го има (север, југ, исток запад итн), зимската и летната патека на сонцето, геолошката структура на подлогата (на пр. камена подлога која имплицира иловица или песочно тло, итн), студени џебови, итн; како и најдобрите начини на кои би ги искористиле или неутрализирале таквите фактори.

ПАДИНА

Разгледувањето на зоните и секторите ни овозможува сеопфатна дводимензионална слика на пределот. Сепак, ниту еден терен не е потполно рамен. Топографијата може наголемо да влијае врз микроклимата, движењето на водата, ерозијата, брзината на ветрот и сл. Затоа мораме да ги земеме во обзир сите падини и контури кои ќе влијаат врз стратегијата на дизајнирањето.



Седмата важна зона во пермакултурата е „зоната 00“ која означува личност или повеќе лица кои се срцето на составот. Со други зборови, таа се однесува на тебе и мене и на нашата спремност во своите животи да внесеме промени кои водат кон вистински одржлива околина и заедници.



ЗАПОЗНАЈТЕ ЈА СВОЈАТА ЗЕМЈА

ПРЕДЕЛ

Проучувајте ги картите; катастарски карти, релјефи, општински книги, планови на улици. Обиколете ги меѓите. Разговарајте со луѓето. Разгледајте ја околината, истражете ја природата и културата на подрачјето што сте го одбрале.

ГЕОЛОШКА СТРУКТУРА НА ПОДЛОГАТА

Побарајте камења кои избиваат на површина. Можете да копате до локацијата на камењата, но тоа е многу работа - побарајте во локалната библиотека карти од геолошки мерења на вашето подрачје.

ОРИЕНТАЦИЈА

Гледа ли теренот на север или југ? Кои се патеките на сонцето во различни годишни времиња? Каде се наоѓаат сончевите, а каде сеновитите делови? Не само што тие вариираат во различните годишни времиња, туку се менуваат и во текот на денот. Дали постојат одредени места на кои се задржува „мраз“ („студени џебови“, обично се формираат во котлините и долините). Која е надморската висина на вашиот терен?

ВИД НА ПОЧВА И СОСТОЈБАТА ВО КОЈА СЕ НАОЃА

Едноставно тестирање со рака ќе го одреди видот на почвата (на пр. песочна земја, иловица, хумусно иловеста земја, и сл). Опремата за мерење на ПХ вредностите (алкалност или киселост) можете ефтино да ги набавите во секој градинарски центар. Проучете ја вегетацијата на подрачјето. Многу билки, таканаречениот „плевел“, се индикатори на видот на земјата, нејзината состојба и ПХ вредност. Обратете повеќе внимание на комбинациите на билките во одредени групи, отколку да го насочувате вниманието на поединечни билки кои можеби и не се типични за тоа подрачје. Распрашајте се за начините на користење на тоа подрачје во минатото - ако земјата била обработувана, дали се употребувани хемикалии? Каква е дренажата (полијте ја земјата со малку вода и испитајте колку брзо ќе се апсорбира во неа). Постојат ли назнаки на збиеност на тлото? Ископајте дупка од метар квадратен со рамни страни за да добиете и визуелен профил на структурата и состојбата на земјата.

ВРЕМЕНСКИ ФОРМИ

Препознајте ги ветровите кои преовладуваат на вашето подрачје и специфичните струи на вашата микроклима (на пр. предизвикани од градби, стебла, ѕидови, огради). Важните ефекти на ветровите можат да се утврдат со воочување на која страна гранките на стеблата најчесто се навалуваат, на вашето подрачје или во околината. Утврдете на која страна најчесто паѓа дожд. И овие податоци се достапни во библиотеките и метеоролошките канцеларии, но на микро-план можат да постојат битни варијации од неколку метри или помалку. Направата за мерење

на количината на дожд можете лесно да ја направите од пластични шишиња; сместете неколку од нив на разни места по теренот, на пр. под стеблата, покрај ѕидовите, итн. Кога почнува, а кога завршува периодот на раст на насадите? Кои се датумите на првиот и последниот мраз?

ПАДИНА И РЕЛЈЕФ

Релјефните линии можат прецизно да се измерат со помош на конструкција во облик на буквата А, изработена од три парчиња дрво, коноп и тегови. На падините поставете „страшила“ (цевки наполнети со вода). Сите падини поголеми од 12 степени би требало да ги покрива вегетација, а оние поголеми од 18 степени би требало трајно да се покриени со стебла. Терасирањето и „вдлабнатините“ (ендеци ископани вдолж контурните линии) се две корисни методи на организирање на падините.

ВОДА

Дали вашиот терен е сув или мочуришен (види го делот за почва)? Има ли езерца или потоци на теренот, дали проаѓа река низ него? Стеблата кои растат на места каде има вода (на пр. јоха, врба) веројатно укажуваат на постоење на подземен тек на вода, посебно во случај стеблата да се линиски подредени. Каков е квалитетот на водата? Промената на бојата на водата би можела да упатува на минерален или хемиски талог. Има ли загадувачи узводно од изворот, на пр. индустриски подрачја?

ДИВИНА

Истражете ја флората и фауната. Стеблата, грмушките, фиданките, цвеќето. Има ли јадливи или било какви корисни автохтони билки и што ви говорат тие за вашата земја? Многу диви билки се индикатори на плодноста на земјата, ПХ вредностите, некои пречки и сл. Кој сé живее со вас? Лисици, зајаци, жаби, риби, птици, змии, гуштери, пчели, инсекти, пајаци, полжави лигавци. Што тие ви зборуваат за земјата? Дали е потребно да се неутрализира нивното влијание (на пр. да се огради пристапот на зајаците), или тие можат да бидат корисни (на пр. пчелите за опрашување, мед, жабите за контролирање на полжавите лигавци, бубамарите за вошките).

ПОГОДНОСТИ

Обезбедување со вода, електрична енергија, гас, пристапност (улици, патишта, патеки и нивна состојба).

УШТЕ НЕКОЛКУ РАБОТИ ЗА КОИ ВРЕДИ ДА СЕ РАЗМИСЛУВА

Градби и објекти (куќи, амбари, тремови, стаклености)
Време
Финансии (ако поседувате 100 утра земја, а немате пари, можеби е паметно да продадете 60 утра и да ги вложите парите во преостанатите 40)
Изложеност на човечката деструкција (на пр. вандализам)
Други животни обврски (работа, фамилија итн).

САДАМ; ПРОЦЕС НА ДИЗАЈНИРАЊЕ

САДАМ е мнемоничко средство со кое се користиме да би го опишале систематскиот процес на пермакултурен дизајн и развој, кој може да се примени не само на користење на земјата туку на скоро сите аспекти на животот; од стварање на заедници, задвижување на бизниси, готвење оброци, до градење куќа...

ИСТРАЖУВАЊЕ

Дознајте што е можно повеќе за вашиот имот и био-регион. Побарајте информации во библиотека или прашајте ги луѓето кои го познаваат тоа подрачје, и што е најважно, развивајте ги сопствените способности на запазување.

Би било идеално да се помине година дена присобирајќи информации, но немојте тоа да го искористите како изговор да не работите ништо..

Размислете за енергијата која е потребна да се вложи и за енергијата која ќе ја добиете - можат ли тие да бидат задоволени со постоечкиот систем, или е потребно да се извршат некои промени?

ПРОЦЕНКА

Анализирајте и проценете со што располагате. Како елементите делуваат еден на друг? Воспоставете ги границите, како и ограничувачките фактори - со кои ресурси располагате?



ДИЗАЈН

Сега имаме доволно информации за да размислиме каде и како ќе ги сместиме елементите за да го смалиме влогот на енергија и да ја зголемиме добивката.

На кој начин е најпогодно да се користат елементите на составот? Кои елементи ќе ги поврземе?

СПРОВЕДУВАЊЕ ВО ДЕЛО

Ова се однесува на реализацијата на нашите идеи и планови. Кој ќе ја извршува работата? За каков начин на функционирање се работи, и за кој временски период?

Поставувањето на составите кои се одржливи на долги патеки може на почетокот да вклучува и вложување прилично голема енергија во облик на физички труд, пари и напор, но штом еднаш овие елементи се поставени и почнат да функционираат, тие бараат многу помалку енергија.

ОДРЖУВАЊЕ

Ова се однесува на создавање на потребните прилагодувања - живиот состав никогаш не е довршен. Елементите се развиваат, нашите потреби и обврски се менуваат. Билките растат, се размножуваат и умираат. Климатските услови се менуваат. Понекогаш не успеваат ни најдобрите и најразработените планови; природата има навика да не ги следи нацртите. Ние непрестајно набљудуваме, отпочеток проценуваме, редизајнираме и спроведуваме нови промени...

◀ ИСТРАЖУВАЊЕ ▶

▶ СПРОВЕДУВАЊЕ ВО ДЕЛО ◀ ▶

◀ ▶ ПРОЦЕНКА ◀

◀ ДИЗАЈН ▶

ШИРЕЊЕ НА ПЕРМАКУЛТУРАТА; НА ЗЕМЈАТА И ВО ВАШИОТ ЖИВОТ

„Ширењето на пермакултурата“ е термин со кој се означува принципот на постапно ширење на примената на одржливото дизајнирање. Индустриското земјоделство ја разорува и труе земјата, но истовремено обезбедува вработувања и го храни населението. Модерните градови вдомуваат милиони луѓе, им пружаат дом и удобност, но зависат од инфраструктури кои штетат на околината. Очигледно е дека е потребно да се заменат таквите состави, но нагла промена не е возможна. Затоа почнуваме од мали работи; земјоделецот би можел, додека ги обработува крајните делови од имотот, на пр. полиња кои се оставени необработени, да се послужи со пермакултурни техники за да го направи неискористениот дел од земјата продуктивен. После тоа тој би можел постепено да ја шири пермакултурата и на остатокот од имотот, заменувајќи ги така деструктивните активности со одржливи.



„Чист Генијˮ („Pure Geniusˮ); сквотирано еко-село во Вандсворт, јужен Лондон, 1996. Привремена автономна зона и добар пример на ширење на урбаната пермакултура.

Пермакултурните проекти сместени на инаку запуштени простори во градот можат да послужат како инспиративни примери кои шират идеи како сите ние можеме да створиме одржлива иднина.

ПЛАНИРАЊЕ НА ОДРЖЛИВОСТ ВО „ЗОНАТА 00“

Иако обично во говорот се употребува за развој на земјата, за „ширењето на пермакултурата“ можеме да зборуваме и кога ги разгледуваме промените кои треба САМИТЕ да ги направиме во „Зоната Нула Нула“, со други зборови, во нашите сопствени личности и животи.

Одрекувањето од лажната удобност на старите навики може да биде прилично фрустрирачки, посебно кога човек живее во заедница чиј културен темел зборува дека стекнувањето на богатство и непрестајно растечка економија се синоними за среќа и сигурност, истовремено одвраќајќи нé од превземање одговорност за последиците на своето делување на другите луѓе и светот околу нас.



Преобразувањето во „препороден Еко-Херој“ преку ноќ може да биде погубно. Кога ќе превземеме премногу на себе, најчесто се исцрпуваме, „прегоруваме“. Можеме да станеме малодушни, цинични, повеќе отколку било кога уверени дека нешто може да се промени, без да сакаме да слушнеме за тоа дека нешто навистина се менува. Од друга страна се малите но значајни промени во нашите животи кои се одржливи. Треба да се присетиме на стариот слоган „мисли глобално, делувај локално“ и да бидеме сигурни во сите промени кои ги превземаме, како и во тоа дека имаме поддршка и ги поддржуваме оние кои патуваат со нас...

Мораме да разбереме дека вистинското богатство не е во поседувањето на работи и пари...

...всушност е повеќе во тоа да се живее ведро и лагодно, и да се има позитивен став.

Чувството на вина може да биде многу негативен и деструктивен облик на енергија. Важно е СИТЕ да научиме да живееме на начини кои се одржливи, но тоа не значи дека треба за тоа да размислуваме како одрекување од нешто; да се живее во склад со ресурсите на планетата би требало да биде ослободувачко, а не ограничувачко искуство.

НАПРЕДУВАЊЕ КОН „ЕКОЛОГИЈАТА НА СОПСТВЕНАТА ЛИЧНОСТ“

Првиот чекор кон екологијата на сопствената личност би можело да биде преиспитување на себеси - кои се вашите сопствени „граници“ и „ресурси“, вашите потреби и снаги?
Можеби би било добро да почнете со поставувањето на овие прашања: Што ми оди добро во овој момент? Што ми е тешко, а што би можел/а поинаку да го правам? Каква е мојата конечна визија? Кој е мојот следен остварлив чекор?
Создавањето на таквата листа може да биде корисна појдовна точка за препознавање на сопствените животни приоритети во рамки на вашите планови. Исто така е корисно одвреме навреме одново да си ги поставите тие прашања...

„Само дел од вселената можеш да промениш; себе, но менувајќи го тој дел, ја менуваш вселената.“
(Индиска пословица)

Вештините на креативното размислување како што се „умствените мапи“, бурата на идеи и визионирањето, можат да се покажат како многу корисно орудие во решавањето на проблеми, помагајќи ни да се оттргнеме од традиционалниот „линеарен“ начин на размислување и делување и да ги развиеме нашите креативни, иновативни и когнитивни способности.

ЦЕЛИНАТА Е ПОГОЛЕМА ОД ЗБИРОТ НА ДЕЛОВИТЕ...

Синергијата која се јавува меѓу ЛУЃЕТО кога тие се здружуваат и разменуваат вештини, енергија, знаење и меѓусебна поддршка е можеби најважното „гранично подрачје“ во пермакултурата... Понекогаш најголемиот предизвик претставува токму ефективната соработка на луѓето при создавањето и развивањето на вистински заедници...



Со развивање на заедничките способностиприповрзувањето, пронаоѓањето заеднички јазик и вмрежувањето, остваруваме промени од полза за сите..

НЕМОЈТЕ САМО ДА РАБОТИТЕ... ОПУШТЕТЕ СЕ!

Не заборавајте да пронајдете време за себе и своите потреби, погрижете се за своето ментално, физичко и емоционално здравје..

Понекогаш сме толку зафатени „работејќи“, исполнувајќи го секој момент со разни активности, што не си пружаме прилика едноставно да размислуваме и да го набљудуваме светот околу себе. Како што нашите градини се повеќе од места за производство на храна, така и нам ни е потребно време за одмор, обнова на силите и за размислување.

ДОМА...

Домот би требало да биде место во кое сме среќни, во кое можеме да се вратиме, во кое се чувствуваме сигурно, нашата сопствена Нулта Зона. Било да е тоа куќа, колиба, гарсоњера или кревет на склопување, местото каде живееме би требало да биде изградено на одржлив начин и да функционира по принципите на одржливост, енергетска ефикасност и еколошка хармонија.



Дрвената куќа на Телма Рајли во Северен Лондон - пример на „изгради сам“ проекти кои ги следат методите на дизајнирање и изградба на Валтер Сигал

ГРАДИТЕЛСТВО СО МИНИМАЛНО ВЛИЈАНИЕ НА ОКОЛИНАТА

За изградба одберете домашни или обновливи материјали. Цврсти, топли и удобни куќи можат да се изградат и од материјали како што се: дрво, набиена земја и бали сено, а кои значително помалку штетат на околината од цигли или бетон. Сместете ги или дизајнирајте ги новите градби така што елементите како воздушниот проток, сончевата енергија и водата можат да се користат што поделотворно, за уделот на необновливите енергии да се сведе на минимум.

Еколошки здрава куќа	Користи домашни материјали	Користи природни материјали	Користи /чува природна енергија	Кружење на производите (принос)	Автономна е	Ги ублажува временските прилики / климата
Типична модерна куќа	Увезува материјали	Користи вештачки материјали	Црпи фосилни горива	Отпадните производи ги претвара во ѓубре	Зависи од снабдувачите на енергија и гориво	Ги потенцира постоечките временски прилики / климата

Користи / чува дождовница	Го подобрува квалитетот на воздухот	Произведува храна	Ја оплеменува земјата	Ствара живеалиште на диви животни	Органски се развива	Убава е, Делува смирувачки
Го снижува квалитетот на водата	Ја загадува атмосферата	Не произведува храна	Ја уништува земјата / создава ерозија	Ги уништува живеалиштата на дивите животни	Статична е, или пропаѓа	Го уништува убавото, Делува стресно

ЗЕЛЕНИ СЕЛА И ЕКО-ГРАДОВИ

Повеќето модерни градови се одликуваат со лошо обликување во смисла на незадоволување на потребите на луѓето и планетата. Градовите составени од неповрзани елементи се дела на архитекти и планери од кои ретко кој живее во околините за кои собираат престижни награди.

Од друга страна, за рационално обликувана човечка заедница, одржливоста би требало да биде иманентна, би требало да се погрижи сите жители да учествуваат во планирањето и донесувањето на одлуки; и да настојува да задоволи што повеќе од своите потреби со сопствени ресурси. Тоа вклучува храна и енергија, градежни материјали, управување со „отпадот“, превоз и места на кои нејзините жители живеат, работат, се одмараат, тргуваат, се дружат и играат.



Можен план за интенционална рурална заедница (според Giradet)

1. Место за состанување, заеднички простор/центар на заедницата
2. Услужни и останати заеднички објекти, на пр. училиште, медицински центар, простор за продавница итн.
3. Земја која заеднички се обработува, на пр. за житарки и останати главни култури
4. Стопански објекти, складишта на житарки итн.
5. Користење на природна енергија, на пр. ветар, соларна енергија, биомаса итн.
6. Лесна индустрија и работилници
7. Шумски простори со кои се управува одржливо
8. Имоти кои се состојат од куќа и градина за поединци/семејства со големина од околу 1 декар
9. Просторот меѓу приватните имоти кој се смета за јавен, простор за дрвја, цвеќиња, петта зона за диви и останати самоникнати билки
10. Аквакултура
11. Канал
12. Заеднички овоштарници и шумски градини

РЕДУЦИРАЈ, ПОВТОРНО ИСКОРИСТИ, РЕЦИКЛИРАЈ

Немаме сите средства или можности да се придружиме на еко-село или да изградиме сопствен дом, ниту да изведеме некое големо прилагодување. Всушност повеќето од нас, посебно оние кои живеат во градовите, немаат многу избори каде ќе живеат. Сепак, постојат чекори кои секој од нас може да ги превземе за да го направи својот дом попозитивна и поздрава околина која ефикасно ја користи енергијата.

Поминете некое време размислувајќи за влоговите и приносите на вашето домаќинство. На пример, составете листа на електрични уреди кои ги користите и назначете колку често, додајте ја и количината на вода која дневно ја трошите, или количината на смет кое вашето домакинство го произведува неделно. Проанализирајте како ги користите овие ресурси; колку ви се навистина потребни, како можете да ги редуцирате?

Иако можеби се чини дека енергетската трага на вашето домакинство е незначителна на глобален план, помислете на умножените ефекти до кои би дошле ако цела ваша улица, или пак милиони домаќинства во Обединетото Кралство би превзеле некои од опишаните чекори... Никогаш не допуштете било кој да ве увери дека поединецот не може нешто да промени.

НЕКОЛКУ ЕДНОСТАВНИ ЧЕКОРИ...

Задржување на топлината

Подобро носете повеќе слоеви на облека, отколку да го вклучите греењето. Преку зима обидете се да ги вршите повеќето активности во една просторија, која по можност гледа на југ - погрижете се завесите да се отворени во текот на денот за да може што повеќе светлина да влезе во просторијата и навлечете ги штом се смрачи. Употребувајте завеси од подебел материјал. Потемните ткаенини абсорбираат сончева светлина, а светлите рефлектираат светлина и топлина. Драпериите имаат функција на изолатор. Искористете ја термалната инерција на градежните материјали; подовите од цигла ја задржуваат топлината. Добро осигурајте ја куќата од провев, на пример, може да струи провев под вратата (но не заборавајте дека воздухот сепак мора да кружи). Вградете двослојни стакла на прозорите и вратите. Погрижете се добро да ги изолирате водоводните цевки и складовите за топла вода, како и таванските простории. Размислете за шуплите ѕидови, за изолација, иако материјалот кој се користи за тие причини често е отровен - најдете поздрави алтернативи! Сместете ги радијаторите и грејачите подалеку од прозорите и погрижете се термостатите и бројачите да работат исправно. Користете печки на дрва наместо оние на струја или плин. Прегрнувајте се повеќе!

Штедете вода

Не оставајте ги чешмите отворени, не мијте работи под вода која тече. Туширајте се наместо да се капете, и тоа поретко, а уште подобро, туширајте се со пријател/ка! Не пуштајте вода по секое мокрење. Ставете пластично шише наполнето со вода во казанчето за да ја смалите количината на вода со која ја измивате школката. Искористете ги „сивите води“ од мијалникот. Инсталирајте компостен тоалет. Користете ги сивите води за наводнување на градината или прочистете ги со помош на состави од трски. Размислете за тоа што јадете; потребно е 1900 литри вода за да се произведе килограм ориз, 500 литри за кило компир и 10,000 литри за кило говедско!

Штедете електрична енергија

Изгасете ги непотребните светла, употребувајте сијалици кои трошат помалку струја и траат подолго, во ходниците користете ги оние со послаб интензитет, итн. Смалете ја употребата на непотребните кујнски апарати, на пр. машини за перење садови, микробранови печки и сл. Перете рачно наместо да користите машини за перење, а кога ги користите, наполнете ги до крај и користете пократки програми и постудена вода. Користете коноп и држачи за сушење на алишта наместо облеката да ја сушите во електрични сушални. Не перете ја облеката често и немојте да ја пеглате. Нека фрижидерот ви биде полн или немојте воопшто да го имате, научете да сушите и чувате храна. Помалку гледајте телевизија (ионака ве затупува). Помалку чистете со правосмукалка. Употребувајте рачни алати наместо на струја. Изберете го оној снабдувач со електрична енергија кој го поддржува развојот на обновливи и одржливи извори на енергија.

Направете сами

Научете се на DIY* [Do It Yourself : направи сам/а, прим. прев.]* вештини и поправајте самите, купете квалитетен алат и одржувајте го. Не купувајте дрвен материјал и

останати градежни материјали во дуќаните, туку контактирајте ги локалните шумари, многу се отфрла при товарење и многу оставаат после себе - тоа што не е доволно добро за поинаква употреба секогаш можете да го искористите за греење. Не употребувајте ново тропско тврдо дрво. Почнете со полиците, завршете со стаклениkот!

Во кујната

Избегнувајте адитиви и преработена храна. Смалете го конзумирањето на животински производи и земете ја во обзир „километражата на храната" (т.е. оддалеченоста која производот ја поминал; храната често поминува илјадници километри пред да стигне до вашата чинија, а енергијата/горивото се вклучени во цената.) Веганската прехрана во која се користат локално произведени органски производи е еден од најодржливите начини на прехрана. Купувајте во задружни продавници наместо во супермаркети. Ако користите увозни производи, проверете дали се работи за Fair Trade* [Fair Trade: продажба која се базира на чесен однос кон работниците и одговорноста кон околината, прим. прев.]* Јадете повеќе сирова храна, одгледувајте мешунки, зачини и сл. во тегли на прозорските даски. Користете експрес-лонец за подготовка на мешунките. Гответе подолго на потивок оган наместо нагло да зовривате. Рециклирајте ги сите кујнски остатоци со компостирање.

Направете ја куќата сигурна

Не користете работи кои делуваат токсично на вашиот дом и поширокаta околина. Избегнувајте потенцијално опасни производи од полиците на супермаркетот и употребувајте едноставни работи за чистење на домаќинството - со сода бикарбона можат да се исчистат мијалниците, кадите и фрижидерите, кујнската сол е дезинфикатор, оцетот ги отстранува дамките и каменот. Употребувајте „едноставни" шампони и сапуни. Кога преуредувате, одберете бои на база на вода наместо на база на разредувач, и употребете природни средства за лакирање. Останатите загадувачи во домот можат да вклучуваат: формалдехиди од средствата за третирање на дрвените површини, мебел од вештачки материјали, синтетички ткаенини, CFC од фрижидерот, ниски електромагнетни зрачења на телевизорот, компјутерот, микробрановите печки, итн. Домашните билки (снопчест клорофит, фикус бенџамин) наводно апсорбираат многу загадувања - садете ги секаде!

Влог и принос

Преиспитајте ги своите навики на конзумирање: дали ви е нужен најновиот Пентиум 2500mz со Windows 98 програма, доколку и постар тип на компјутер (или пак машина за пишување) може да ги задоволи вашите потреби? Што сé се наоѓа во вашата канта за отпадоци од недела во недела? Како можете да ја намалите количината на отпадот? Што можете повторно да користите? Што не ви треба? Што можете да рециклирате? Купувајте употребени работи и дајте им го на другите она што веќе не го користите / што веќе не ви треба.

Превоз

Дали вашето патување е навистина потребно? Зашто не би пешачеле или користеле велосипед? Користете јавен превоз и залагајте се за неговото подобрување, како и за посигурни улици и повеќе велосипедски патеки. Ако морате да користите автомобил, организирајте се така што ќе го делите со други, можеби преку локалната LETS мрежа. Одржувајте го својот автомобил за да биде што поефикасен и да загадува помалку.

ВО ГРАДИНАТА...

Сите ние мораме да јадеме. Затоа пермакултурата придава толкава важност на одгледувањето на храна. Ако сакаме да се храниме на одржлив начин, мораме да се оттргнеме од индустријализираната агрикултура кон филозофијата на градинарството - потребно ни е помалку прериско одгледување на монокултури, а повеќе домашни градини; места за одгледување на храна, поликултури, шумски градини, обликувани насади со повеќе функции. Се разбира, многу од нас не се во состојба да ја произведат СЕТА храна потребна за живот, но сите ние можеме значително да придонесеме кон сопствената прехрана со храна која ја одгледуваме во градините, на закупена земја, или пак и на балконите и прозорските даски...

Освен што со тоа го смалуваме притисокот кој секој од нас го врши на драгоцените ресурси на земјата, со одгледувањето на сопствена храна ги обновуваме вештините кои во голем дел сме ги заборавиле на крајот на 20-от век.



НЕКОИ ОД ПОТЕНЦИЈАЛНИ ПРОСТОРИ ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ ХРАНА ВО ЛОНДОН:

14,441 ха земјоделско земјиште

53,600 ха заштитен отворен простор

1.4 милион домаќинства со градини

1388 ха запуштено земјиште

980 ха земјишта за закуп + училишни игралишта, покриви, паркови, итн.

(податоци: NFA/SAFE Alliance)

ПОЧВА

Заедно со водата, почвата е најважниот елемент во пермакултурната градина... Почвата воглавно се состои од неживи компоненти кои настануваат со разградба на површински камења под влијание на времето, разградливи хранливи состојки, плинови, вода и органски материи (хумус). Зависно од големината на честичките на почвата, таа главно се сврстува во една од трите категории: иловица, песок или глинесто песочно тло.



Почвата е многу повеќе од инертен медиум, таа е сложен екосистем за кој малку вистински се знае. Агрономијата не го уважувала овој факт и тоа резултирало со големите проблеми на ерозија и уништување на почвата со кои моментално се соочуваме, а кои пермакултурата настојува да ги реши нагласувајќи ги регенерацијата и зачувувањето на почвата како приоритет.

Живот во земјата: некои нејзини жители



Кога ја копаме почвата, ја уништуваме нејзината структура и ги нарушуваме осетливите односи меѓу безбројните мноштва облици на живот кои престојуваат во неа. Техниките на „не-копање“ како што прекривањето со малч, ги симулираат природните процеси на прекривање на земјата со паднатото лисје и детрит, ефективно стварајќи нови слоеви над веќе постоечките. Влогот на енергија во смисла на вложениот труд исто така е мал, бидејќи црвите, додека ги обработуваат, ги мешаат горните слоеви со севкупната структура на земјата..

Креирањето на малчирана градина е брзо и забавно и може да биде социјален настан, одлична активност за училишна или стамбена градина...



①



Израмнете ја целата трева и коров на теренот. Не трудете се да ги исечете или отстраните билките. Добро залијте ја земјата ако е сува и по можност додајте активатор како што е прав од морска трева.

②



Прекријте ја со дебел слој органски материјал кој не пропушта светлина, на пример со картон или весник (но не печатен во боја). Погрижете се да има доста слоеви за да го спречите растот на тревата низ пукнатините.

③



Прекријте со дебел слој (5-8см) зрел компост на кој се става завршниот слој на слама, сено (но без семчиња), покосена трева итн. за да се спречи исушување на површината.

④

Големите семки и кртули (на пр. грав, домати) или билките со цврст корен и трајниците можат да се засадат директно или преку малч. Чекајте една година додека тлото не биде соодветно и за помали семки.

ВОДА

Ако земјата е телото на градината (или на Земјата), тогаш водата е крвта на нејзиниот живот од која зависат сите процеси на стварање.



Свежата вода, неопходна за сите животни процеси, ја има помалку од 3% на планетата, од што поголемиот дел ни е недостапен, заробен во длабоките подземни складови, леденици и глечери.



Чистата вода е голема вредност која не смееме да ја земаме здраво за готово, како што покажаа последните години на непрекинати суши и се поголемо загадување. Зачувувањето на водата како ресурс е одговорност на сите нас.

НАВОДНУВАЊЕ СО ПЛАСТИЧНО ШИШЕ

Отсечете го дното на пластично дволитарско шише. Отстранете го чепот и закопајте го шишето до пола во земја. Полнењето на шишето со вода ќе обезбеди дифузија во тлото наоколу и ќе им овозможи на садниците да се вкоренат подлабоко отколку ако се наводнуваат површински.

Со свртување на дното на шишето нагоре ќе го спречите навлегувањето на инсекти, отпад и сл. во шишето, а може да послужи и како мал базен за птици...





Посадете четири садници околу секое шише

Одржлив состав е оној чии ресурси се користат ефективно, а елементите кружат со повторна употреба кога и да можат во раздобјето меѓу влезот во некој состав и повлекувањето од него. Меѓутоа, илузорната слика со кое нашето општество се залажува можеби најјасно се огледува со апсурдното трошење на питка вода за измивање на тоалетните школки.

„Сивите“ води (т.н. нечисти води како што се оние користени за капење, миење садови, перење облека и сл) исто така можат повторно да се исчистат за повторна употреба со помош на состави од трска...

ЕЗЕРЦА

Добро дизајнирано езерце може да обавува многу функции; складира вода, претставува продуктивно подрачје (аквакултурата може да биде до 20 пати попродуктивна од подрачје земја со иста големина), ги контролира штеточините (со привлекување на жаби кои јадат полжави итн), престојувалиште е на диви животни, задржува топлина, рефлектира светлина па може додатно да ја осветлува куќата или стаклениkот, може да послужи како базен...



Езерцето со засеците ќе има многу пожирок продуктивен раб од оној со иста површина а со кружен облик, додека степенестиот облик на езерцето е корисен бидејќи создава повеќе различни живеалишта благодарејќи на различните длабочини на водата.

Користење на стара када за создавање езерце на закупени земјишта во Манчестер Драјв, Ли на море, Есекс. И езерце со волку мали димензии е престојувалиште на диви животни, придонесува кон локалната екологија, а на овој начин истовремено се рециклира и инаку загадувачкиот урбан отпад.



НЕКОИ ЕЛЕМЕНТИ НА ДИЗАЈНОТ

Со добро осмислен дизајн и промисленост можеме и кај најмалите градинарски површини максимално да го зголемиме потенцијалот за одгледување билки.





МИНИ ШУМСКА ГРАДИНА

Дури и на мала градина можат да се применат овие принципи: со одгледување на цуцести калемени овошки (калемени „фамилијарни стебла“ значат дека од едно стебло можат да растат 3 до 4 различни подвидови), рибизла и зрнесто овошје и низ трајни билки и земјен покров, на пр. киселец, див костен, шумски јагоди итн.



БИЛНА СПИРАЛА

Осигурува цел низ на вдлабнатини и микроклимати на збиен простор; од сеновити и влажни делови на северната, долна страна (погодна за на пр. поточарка, нане итн) до жешки и суви делови на врвот на спиралата (погодни за рузмарин, мајчина душичка, оригано итн.)

КОМПОСТАРНИК СО ЦРВИ

Одличен начин за претварање на кујнските остатоци, билки и останатиот органски отпад во извор на плодност на места каде просторот е ограничен. Компостот со црви е богат со хранливи состојки и е корисен како покривен слој или како една од состојките на смеса за одгледување во садови.



КЛУЧ-ГРЕДИ

Ги зголемуваат „рабовите“ и достапното подрачје за одгледување и овозможуваат едноставен пристап кон сите билки без потреба да се гази и набива земјата.



ДИВО ПОДРАЧЈЕ

И најмалата градина би требало да направи место за „зоната 5“. Некултивираните подрачја осигуруваат прибежиште на дивите животни (вклучувајќи ги и опрашувачите и животните кои се хранат со паразити) и ја зголемуваат биоразноликоста. Многу диви билки се лековити, се јадат, делуваат како „динамички акумулатори“ или имаат други корисни функции.

ГРАДИНАРСТВО ВО САДОВИ

Тремовите и балконите можат да станат високо продуктивни подрачја. Различните видови предмети можат да се рециклираат - обидете се да одгледате лековити и зачински билки и зеленчук во поголеми садови за боја (исчистени), а водени култури во стари легени. Доматите можете да ги одгледувате во наредени автомобилски гуми наполнети со компост.

„ПЕРМАКУЛТУРНИ БИЛКИ“

Индустријализираното земјоделство тврди дека го проширува изборот, но постапките како патентирање на семињата (заедно со ставање на традиционалните подвидови вон законот), селективното одгледување на кое му е цел униформност на сеењето и жетвата (на пр. Ф1 хибридите и таканаречените видови на висок принос) и генетската модификација, всушност го смалуваат нивото на биоразноликоста и не́ прават зависни од технолошките помагала како што се вештачките ѓубрива, пестицидите и хербицидите.

На прагот на 21от век светот се потпира на дваесетина главни култури за исхрана, додека само во оваа земја би можело да се одгледуваат преку 7000 видови билки кои се јадат или се на друг начин корисни за човештвото. Многу од нив се трајни билки или самите се размножуваат што значи дека се идеални за пермакултурни состави за чие одржување не е потребно да се вложува многу енергија.

Иако веројатно не е паметно веднаш да престанеме со одгледување на видовите житарици, овошки и зеленчук кои се испробани и кои ги сакаме, не постои причина зошто не би експериментирале и не би внеле малку разноликост во нашите градини и кујни.

1. КИНОА - вид на пченица со висок принос, расте на пониски температури;
2. ГАВЕЗ - трајна билка, делува како „динамички акумулатор“, има лековити својства;
3. САЛАТИ; трајни или сами се разможуваат - РИГА, ЦИКОРИЈА, ПРОЛЕТНА РЕПКА, ЛОЦИКА, ЦВЕКЛО, ЉУПЧАЦ, ГОЛЕМ КИСЕЛЕЦ, МИЗУНА, ТРОЛИСНА ЛОБОДА, итн.
4. Цвеќе кое се јаде - ЛЕКОВИТА ПОТОЧАРКА, НЕВЕН, ГЛУВАРЧЕ, ГРАНИЧИЦА, ОБИЧНА ВЕЧЕРНИЦА, СЛЕЗ;
5. Лукови кои се јадат - ЦРВЕН КРОМИД, МЛАД КРОМИД, ДИВ ЛУК, ПРАЗ, ВЕЛШКИ ЛУК;
6. ТРАЈНА БРОКУЛА;
7. РУЗМАРИН - мултифункционална билка; лековита е, се употребува во кулинарство, се сади како жива ограда, привлекува диви животни, се употребува како тоник за коса;
8. МАТОЧИНА - се користи за подготовка на салати, чаеви, корисна е како легло, привлекува пчели;
9. ЈАБОЛКО - овошка на студени предели;
10. ПЕЧУРКИ - можат да се одгледуваат на трупци или спонтано да се појават.. но бидете сигурни во разликувањето меѓу оние кои се јадат и не се јадат!

ХРАНА ОД ВАШАТА ГРАДИНА ВО ТЕКОТ НА ЦЕЛАТА ГОДИНА

МЕСЕЦ	СЕ СЕЕ	СЕ САДИ	ХРАНА НА РАСПОЛАГАЊЕ
Јануари	Грав	Овошки и грмушки, лук	(во заграда)=складирана
февруари	Лути пиперчиња (под стакло), зелка (под стакло), праз (под стакло), грав	Овошки и грмушки, лук	Зелка, кељ, брокула, прокулици, праз, туровац, зимски спанаќ, лоцика, целер, (репка, морков, кромид, пастернак, компир, лутика, корабица, домат (во шише), лук, јаболка, крушка)
март	Кељ, домати (под стакло), праз, морков, лоцика, лути пиперчиња (под стакло), грашок, кромид, бела репка, грав, летен спанаќ, целер, салати (под стакло)	Овошки и грмушки, лук, ран домат, пресадници на зелки Зелки, кромид, компир, трајни зачински и лековити билки и зеленчук	Зелка, рана брокула, прокулици, кељ, праз, туровац, зимски спанаќ, лоцика, рабарбара, (репка, морков, кромид, пастернак, компир, лутика, домат (во шише), лук, јаболка, киноа) Брокула, кељ, листови на туровец, мишјакиња, (репка, пастернак, лук, компир, домат (во шише), бела репка, јаболка) Доцна брокула, кељ, праз, траен и пролетен кромид, спанаќ, рабарбара, листови на туровец, лековити и зачински билки, коприва, (репка, кромид, домат (во шише), лук, киноа, компир, јаболки)
април	Морков, зелки, праз, ротквица, грапок, грав, спанаќ, репка, лоцика, пастернак корабица, тикви и тиквици (под стакло), салати	Зелки, тикви, сладок компир, трајни зачински и лековити билки и зеленчук	Брокула, кељ, лоција, летен спанаќ, лековити и зачински билки, коприва, траен и пролетен кромид, (кромид, лук, компир, киноа, домат (во шише))
мај	Репка, брасикас, лоцика, тикви, спанаќ, киноа, бела репка, слатка пченка, салати	Праз, домат, слатка пченка, пресадници на зелки, махуни, тикви, лути пиперки, трајни зачински и лековити билки и зеленчук	Грав, морков, цветача, кељ, лоцика, јапонски и траен кромид, ран домат, ран грашак, ротквица, спанаќ, бела ротквица, цариградско грозје, рабарбара, јагоди, коприви, трајни лековити и зачински билки, цвеќе кое се јаде, (киноа, домат (во шише))
јуни	Репка, бела репка, грашок, зелки, спанаќ, салати	Махуни, слатка пченка, тикви, праз, трајни зачински и лековити билки и зеленчук	Грав, репка, ран морков, лоцика, грашок, кромид, ран компир, спанаќ, лук, ротквица, цариградско грозје, вишни, сливи, црвена и црна рибизла, трајни лековити и зачински билки, (киноа, домат (во шише))
јули	Sweedes, brassicas, ротквица, спанаќ, морков, лоцика	Пролетен кељ, трајни зачински и лековити билки и зеленчук	Грав, репка, кељ, морков, лоцика, тиква, тиквички, кромид, грашок, компир, ротквица, спанаќ, лук, домат, црвена и црна рибизла, јаболки, цариградско грозје, капини, трајни лековити и зачински билки, (киноа, домат (во шише))
август	Спанаќ, зелки, пролетен кромид	Пролетен кељ, трајни зачински и лековити билки и зеленчук	Грав, кељ, репка, морков, цветача, лоцика, тикви, тиквички, кромид, компир, лути пиперчиња, грашок, спанаќ, домат, сливи, јаболки, капини, праски, трајни лековити и зачински билки, киноа, (лук)
септември	Зелки, лоцика, ротквица, салати	Махуни, репка, спанаќ, тикви, брокула, кељ, праз, лоцика, кромид, компир, пастернак, домат, јаболка, крушки, капини, (киноа, лук)	
октомври	Грав, салати	трајни зачински и лековити билки и зеленчук, пролетен кељ	Репка, брокула, кељ, морков, праз, кромид, компир, пастернак, спанаќ, јаболки, крушки, (киноа, лук, домат (во шише))
ноември	Грав	овошки и грмушки, лук	Брокула, целер, зимски кељ, морков, праз, кромид, компир, туровец, корабица, бела ротквица, пастернак, (репка, лук, домат (во шише))
декември	Грав	овошки и грмушки	

ПОВЕЌЕ ОД ГРАДИНА; РАЗНИ ВИДОВИ СТРАТЕГИИ ЗА ОДРЖЛИВА ИДНИНА

Велика Британија има 43 милиони утра со земјоделски површини, од кои третина е погодна за пасишта (на пр. пусти полиња), третина се целогодишни пасишта (на пр. ридести краеви, ливади, стрмни падини, подрачја со тенок земјен слој итн.), а третина ја чинат обработливи површини кои се сметаат соодветни за земјоделско производство со „конвенционални“ методи.



Индустријализираното земјоделство со своите големи вложувања во вид на машинерии и фосилни горива не ја зголемува туку ја намалува долгорочната стабилност на плодната земја бидејќи непрекинатото преорување, сечење грмушки, отстранување стебла и додавање хемиски ѓубрива и пестициди причинуваат проблеми како ерозија, збиеност на тлото и труење на водените текови со нитрати.

Пермакултурата со своите разни техники и стратегии се обидува да ја поправи настанатата штета и да ја користи и онаа земја која инаку се смета за несоодветна за култивација.

СОРАБОТКА СО ЗЕМЈАТА

Одржливото користење на земјата се темели на набљудување и соработка со природата, наместо на вложување на голема енергија во борбата против нејзините текови и структури.

КАКО ДА СЕ ИЗЛЕЗЕ НА КРАЈ СО ПАДИНИТЕ

Обликувањето на наваленият релјеф со ровови и ридчиња, го забавува истекувањето на водата надолу и овозможува да се впие во земјата. Корените на стеблата засадени низ вдлабнатините додатно ја задржува водата и придонесува кон стабилност...

терасите ја потпираат земјата во која се засадени посебите и ја спречуваат ерозијата...

Наместо орање на и низ падините, штопредизвикува протекување на водата и ерозија, попаметно е да се одлучи за оние стратегии кои се применливи на таков релјеф.

без ветробран

и со ветар?



Масивен ѕид или ограда



Стебла и жива ограда

Разноликите дрвја со различни висини ја зголемува заштитата од ветрот, а обавува и други функции - го малчира тлото, дава овошје, обезбедува дрвен материјал...

стеблото пружа заштита од ветрот дури 20 пати од својата висина



можен дизајн на еден одржлив имот во умерен климатски појас со вклучено планирање на зоните и секторите , како и осигурување на неколку функции со истите елементи и зголемување на рабните подрачја

НА ПЕРМАКУЛТУРНИОТ ИМОТ

Прикажаниот цртеж на имотот ни го илустрира организирањето на просторот во зони; од подрачја кои бараат редовно внимание како што се стаклениците и градината од која секојдневно се збираат плодови, сместена непосредно до куќата (зона 1), преку овоштарниците и подрачјата на шумската градина (зона 2) и посевите на главните прехрамбени култури; житарици, овошје и зеленчук за размена (зона 3), до шумското подрачје на потсечени стебла на кое му е потребно само повремено внимание (зона 4-5).

Обликот клуч-греда ствара сончева стапица свртена кон југ, додека опкружувањето на просторот со стебла делува како ветробран. Ефектот се зголемува со садење на различни видови живи огради во функција на граници меѓу насадите со што се осигурува престој на диви животни, се зголемува биоразноликоста и додатно користи, бидејќи снабдува со овошје, јаткасти плодови, материјал за малчирање, а воведува и видови кои го збогатуваат тлото со кислород за да се зголеми плодноста.

Уште една димензија по која ваквиот план на имотот се разликува од многу современи земјоделски модели е разноликоста на плодовите. Добивката вклучува овошје и зеленчук, житарици и дрвен материјал. Додека паричната вредност на секој од овие плодови е веројатно помала од истите производи одгледани на монокултурен начин, разноликоста на производите значително ја зголемува вкупната добивка на имотот. Останатите „вредни“ производи можат да вклучуваат шитаке печурки одгледани на трупци, домашно вино, селски мебел, плетени огради,

дрвен јаглен, дрвени стапови, мед, садници невообичаени билки за продажба, или течно ѓубриво од гавез или коприва. Повеќето производи се продаваат на самиот имот и на локалниот пазар со непосреден контакт на производителите и потрошувачите или на саеми на земјоделците. Центарот за едукација и посетители овозможува одржување на курсеви, училишни посети итн, со тоа зголемувајќи ја вредноста на имотот како добро на заедницата.

Имотот е замислен да биде што е можно повеќе самоодржлив, на тој начин смалувајќи ја потребата за воведување енергија однадвор. Се искористува енергијата на ветерот, а соларната енергија се користи директно преку фото-волтни плочи на покривите, или индиректно преку био-масата на стеблата и шумите која подоцна може да се употреби како гориво. Водата исто така се искористува и кружи на што е можно покорисен начин, со помош на езерца за собирање и чување на вода, кои исто така имаат функција и како престојувалиште на диви животни (како и животни кои се хранат со паразити) и за аквакултура. Сивите води од домаќинството се користат за наводнување на овошките и грмушките, додека компостните тоалети ја враќаат инаку неискористената плодност на тлото.

ЗЕМЈОДЕЛСТВО ВО СОРАБОТКА СО ПРИРОДАТА

Земјоделските техники „без работа“ кои ги развиле Масанобу Фукуока во Јапонија и Марк Бонфилс во Европа се темелат на внимателно набљудување на локалните микроклими и соработка со природните циклуси. Нивните методи избегнуваат нарушување на структурата на тлото, ѓубрива и хербициди, а успеваат да произведат количини споредливи со оние добиени со „конвенционални“ методи. Посебно се исплатливи кога ќе се земат во обзир скриените трошоци на хемиските препарати и штетноста за тлото.



Четирите принципи на земјоделството „без работа“ на господинот Фукуока:

- Земјата не се ора, ниту пак се практикуваат други облици на култивација кои ја нарушуваат осетливата рамнотежа на тлото
- Не се додаваат ѓубрива - тлото самото се одржува плодно на природен начин во склад со циклусите на природата
- Не се плеви - автохтоните билки се важен фактор во изградбата на тлото
- Не се употребуваат пестициди - кога здравите садници се одгледуваат во здрава земја, болестите и инсектите паразити природно се држат под контрола.

СТЕБЛА МЕЃУ ПЧЕНИЦАТА

Агрошумарство е одгледување на стебла и земјоделски/хортикултурни посеви на исто парче земја, со што се добива разноликост на производи, а истовремено се штитат и одржуваат животно важни економски, човечки и природни ресурси. Тоа е состав кој се разликува од традиционалното шумарство и земјоделство по тоа што придава важност на интеракциите меѓу компонентите, а не на поединечните делови.

Стеблата снабдуваат со дрвена градба, овошје и јаткасти плодови, биогориво, малч итн., а исто така претставуваат и живеалиште на диви животни и ја збогатуваат околината, задржувајќи го кислородот.



Насадите на зеленчук и житарици се засолнети со појаси на стебла кои ја зголемуваат плодноста со лисјето кое паѓа - тоа служи како малч и компост од парчиња дрвја и кора.

ДРВОРЕДЕН СОСТАВ НА НАСАДИ КОЈ КОМБИНИРА ХОРТИКУЛТУРНИ/ЗЕМЈОДЕЛСКИ КУЛТУРИ СО СТЕБЛА

Иднината на нашата планета зависи од обновувањето и зачувувањето на стеблата. Комбинацијата на одржливи земјоделски дејности со ненарушувачки животни стилови значително би го смалила оптоварувањето на земјишните површини.
85% од земјишните површини се користат за производство на месо и млечни производи, што за пасишта, што за производство на житарици или друга сточна храна; додека веганска Британија би била самоодржлива со само 25% од моментно расположивата земјоделска земја, ослободувајќи така многу простор за пошумување. Податоци - Vegan Society & Vegan Organic Network [прим прев. Друштво на веганите и веганска Органска мрежа].

Некои луѓе не се спремни и не сакаат да превземат вакви промени, но ако сакаме да го ублажиме влијанието кое го имаме на околината, сите ќе мораме да размислиме за животните стилови кои се помалку зависни од животинските производи и за енергијата која е потребно да се вложи во нивното производство.

ОДРЖЛИВО ШУМАРСТВО

Поткаструвањето е со векови стар пример на соработката со природата со цел да се поттикне продуктивност на широколисната шума. Непрекинато одлагајќи сукцесија, можно е да се добие многу дрвена граѓа на одржлив начин, а животниот век на стеблата прилично се продолжува. Исправно одржуваната поткастрена шума може да биде повеќе од илјада години стара.



стебло кое треба да се поткастри

поткастрете го стеблото во зима близу до тлото

следната пролет од трупецот брзо растат изданки

за 7-20 години стеблото ќе обезбеди многу дрвена граѓа

Иако во последните десетлетија било занемарено, како и многу други традиционални одржливи дејности, денес се повеќе луѓе увидуваат дека исправното одржување на шумите наголемо придонесува кон биоразноликоста и дивите животни. Но, можеби уште повеќе е занемарена користа за локалната, похумана економија.

Со помош на 50 години запустената и повторно оживеана дејност на поткастрување на стеблата, денес локалните заедници се снабдуваат со градежен дрвен материјал, материјал за огради, столбови, мебел, покриви, дрвен јаглен, фурнир, дрвени клинови, гориво и безброј други производи и начини на користење.

НАШАТА ЗАЕДНИЦА...

Освен што не́ учи на постигнување на поголем степен на самоодржливост на нашите животни стилови, опкружувањето во кое живееме, нашите градини и имоти, пермакултурата се однесува и на начините на позитивно влијание на заедницата и општеството.

ЕКОНОМИКА НА ЗАЕДНИЦАТА

Не ја свртувајте оваа страница! Она што звучи како навистина досадна тема всушност се однесува на начините на задржување на средствата на човечката енергија во заедницата.



Секојпат кога ќе потрошиме фунта во супермаркет или во една од многуте продавници на некоја компанија, 80 пени излегува од заедницата, проследено со трошоци на транспорт, пакување и рекламирање, или директно во трезорите на транс-националните корпорации. Кога своите пари ги доверуваме на банката, често ни е невозможно да дознаеме во која цел тие ќе бидат користени; дали ќе бидат вложени во активности како трговија со оружје, индустриско одгледување, генетски инженеринг, тутунска индустрија, шпекулација против валутите на „Третиот Свет“ или нешто слично.

Главната и единствена задача на сериозниот бизнис е да се осигура профит на акционерите. Кому му е гајле чии нечисти прсти се вплеткани во некакви нечисти работи се додека доларите се трупаат?

Но кога купуваме локално, или кога вложуваме во луѓето, во нивните вештини и потенцијали наместо во апстрактни концепти како „акции и обврзници“ или „трговија на иднината“, имаме поголемо влијание на тоа како се употребува нашата енергија и решаваме што ќе поддржиме. „Парите“ можат да станат средство за оспособување и ослободување наместо за угнетување.

Кога ќе му платите на локалниот производител или лицето кое врши услужна дејност користејќи локален материјал, парите остануваат ВО заедницата и непрекинато одново се вложуваат во производство на добра за сите. Можеме да тргуваме меѓусебно на лично ниво и така да работиме за корист за заедницата.



Штедно-кредитните задруги се еден од начините на задржување на парите во заедницата, посебно во осиромашените краеви, истовремено омозможувајќи избегнување на плаќање камати на банките или зајмодавците. Учесниците така можат да вложуваат во „банките од своето соседство“ кои стваараат средства расположиви за развојни проекти и за заедничка корист.

LETS одат чекор понатаму на економската скала на заедницата со тоа што во целост ја укинува потребата од пари. Наместо тоа, членовите стваараат сопствена локална валута за да овозможат размена на добра, услуги и вештини. LETS групата повремено објавува список на „понуди“ и „побарувачки“, а членовите тогаш се контактираат едни со други за трговија, заработувајќи кредит за пружените услуги кој потоа можат да го „потрошат“ на нешто друго во рамки на системот. LETS исто така се залага за социјален контакт и вмрежување, а служи и како одржлив темел за неколку помали, локално ориентирани деловни потфати.

ТРГОВИЈА СО ХРАНА НА ЛОКАЛНО НИВО

Во текот на последните години повеќето современи имоти станаа нешто повеќе од само индустриски единици задолжени за производство на што поголема количина на производи и натрупување на што поголема количина пари, без обзир на квалитетот на храната, загадувањето на околината, добросостојбата на животните, ерозијата на тлото или на она што луѓето навистина го САКААТ (за разлика од она што низ реклами ни се наметнува како „пожелно“). Сепак, појавите како кравјо лудило, Еколи бактерија, салмонела и јавниот отпор на генетски модифицираните прехрамбени производи како и зголемениот интерес за органско производство, покажуваат дека индустриското земјоделство повеќе не функционира.

Земјоделство кое ја поддржува заедницата, саеми на мали производители и непосредувана трговија меѓу производителите и потрошувачите се проекти кои ја враќаат трговијата со храна на човечко ниво и се корисни начини за воспоставување врски меѓу производителите и потрошувачите од ист град или село. Таквата интеракција ним им овозможува да ги усогласат вистинските потреби со она што се произведува.

Одржувањето врски меѓу локалниот производител и потрошувач позитивно делува и на околината, бидејќи помалите имоти на кои се одгледуваат различни видови билки ја смалуваат употребата на хемиски препарати и механички машини, им овозможуваат живеалиште на дивите животни и осигуруваат биоразноликост. Километрите кои храната ги преоѓа од местото на производство до потрошувачот исто така се намалуваат, заедно со потрошувачката на гориво и негативното влијание на околината. Таквата поврзаност на производителот и потрошувачот создава нови работни места и обезбедува регенерација како на урбаните, така и на руралните подрачја.

ЛОКАЛНА РАЗНОЛИКОСТ

Денес можете да одите по било која улица од Бристол до Инвернес и да видите потполно еднакви излози на продавниците кои продаваат потполно еднакви производи. Тоа е културна верзија на губењето на биоразноликоста и на хомогенизацијата која се појавува со индустријализираното земјоделство; која истовремено не́ води кон осиромашување на нашето искуство и егзистенција. Завземањето за локалните посебности секој од нас го потсетува на неговото/нејзиното регионално наследство, истовремено славејќи ги нашите културни разноликости.

Овоштарниците на некоја заедница се жива слика за нејзината посебност. Националната збирка на јаболки во Брогдејл вклучува повеќе од 2200 јаболки од Велика Британија, а во продавниците се достапни само 5-6 вида. Грени Смит и Златен Делишес со структура како памук и уште помалку вкус можат да се купат секаде, но што се случи со Норфолк Бифен, Челмсфорд Вондер и Убавицата од Бат?

Освен што може да служи како „банка“ за чување на генетските ресурси на регионот за иднината која ќе ја цени разноликоста и посебноста повеќе од униформноста и невкусноста на супермаркетите, таквиот овоштарник може да биде мост кој ги поврзува традициите на минатото со растечката еколошка свест на сегашноста; и можеби е посоодветен симбол на одржливост во новиот век од некоја токсична, необновлива купола во недостапен дел на Лондон.

ПОСТОИ САМО ЕДЕН НАЧИН ДА СЕ ПРАКТИКУВА ПЕРМАКУЛТУРА?

„Основниот правец на пермакултурата е превземање одговорност за задоволување на нашите потреби и потребите на идните генерации.“

- Бил Молисон

Пермакултурата е пристап, филозофија на дизајнирањето, повеќе отколку состав на уверувања, а нејзината примена можеби е подобро да се согледа како патување, отколку како цел. Оваа книга е дело на веган од Велика Британија - таа ги одразува моите склоности, личните ставови и загриженоста за локалните еколошки проблеми. Но, етиката и принципите на пермакултурата обезбедуваат одржлива рамка која е применлива во сите ситуации и на секој систем било каде во светот.

А ТОА Е ТВОЈОТ СОПСТВЕН...



КРАЈ (ИЛИ ПОЧЕТОК???)

Оваа книшка е водич за почетници - наменета е како вовед во многуте идеи и концепти од кои секој заслужува (барем) цела книга за себе. Како што таа се развиваше, имав сериозни проблеми не со она што би го вклучил во неа, туку со она што би морало да се изостави, така што сум свесен дека овие 60 страници се далеку од доволно. Но, ако ова издание постигне макар една работа, се надевам дека тоа ќе биде одговор на критиката на пермакултурата која ја слушнав неодамна: „пермакултурата стана збор кој многумина го користат, но ретко кој го разбира“; и дека ќе помогне да стане концепт достапен до сите. Не е тоа никаква голема мистерија; ако се согласуваш со нешто од овој памфлет, или само ти се чини логично, тогаш возможно е дека веќе се бавиш со пермакултура на некое ниво. За да дознаеш повеќе, погледни ја листата на книги на следните страници и некои адреси на крајот. Исто така препорачувам посетување на викенд воведен курс или цел курс за дизајнирање кој многу подетално го покрива подрачјето на етиката и принципите, стратегиите на уредување, органското градинарство, изградбата на заедницата, еколошката архитектура, „зелените“ економии и многу други работи. Структурата и времето на одржување на курсевиѓе стаѝуваат се поприлагодливи и подостапни до се повеќе луѓе, а повеќето организатори на курсевите не сакаат да исклучат никој заради неможност да се плати полна цена.. „Пермакултурното списание“ и Здружението за пермакултура ќе ви ги пружат тековните информации за вашето подрачје.

корисни контакти

Front 21/42

www.front.org.mk, contact@front.org.mk

Orce Nikolov 83A, 1000 Skopje

+389 2 3122-546

Zelenata arka

zelenataarka.mk, thegreenark@gmail.com

Mavrovska 11, Skopje, Macedonia

+389 2 2034 01

ZMAG

www.zmag.hr, info@zmag.hr

Zelena mreža aktivističkih grupa

Vukomerić 23/4, 10418 Dubranec

SPIRALSEED

Z.M.A.G.

ZELENA MREŽA AKTIVISTIČKIH GRUPA

FRONT 21|42

Nacionalna zaklada za razvoj civilnoga društva